**20152316465**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЛАТИТЕ НА СУДИИТЕ

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за платите на судиите,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 30 декември 2015 година.

Бр. 08- 6316/1
30 декември 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЛАТИТЕ НА СУДИИТЕ

Член 1

Во Законот за платите на судиите (“Службен весник на Република Македонија“ број 110/2007, 103/2008, 161/2008, 153/2009, 97/10, 67/10 и 135/11), по членот 7 се додаваат два нови члена 7-а и 7-б, кои гласат:

“Член 7-а

(1) Платата на судијата по час му се зголемува за:
- работа подолга од полното работно време во висина од 35% и
- работа во деновите на празници во висина од 50%.

(2) Евиденцијата за овој вид работа ја води претседателот на судот.

Член 7-б

(1) Судијата има право на додаток на плата за:
- посебни услови за работа,
- постоење на висок ризик и
- доверливост.

(2) Додатоците на плата од ставот (1) на овој член меѓусебно не се исклучуваат.

(3) Вкупниот износ на висината на додатоците од ставот (1) на овој член не може да изнесува повеќе од 35% од основната плата на судијата.

(4) Додатоците од ставот (1) на овој член, нивната висина и начинот на утврдување за Врховниот суд на Република Македонија, Вишиот управен суд, Управниот суд, апелационите и основните судови се уредуваат со акт на Судскиот совет на Република Македонија, по претходна согласност од министерот за финансии.“

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија“.